Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 195/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски, ја донесе следната:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов: „ПИСМО ОД ЈОТОВА ДО СЕ: Овие деца (од Мал битолски Монмартр) дојдоа во Бугарија да се сликаат за мир и разбирање“ објавен на интернет порталот Денешен.мк, на 25.07.2023, не отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 25.072023 година од Славчо Неделковски пристигна жалба за содржина со наслов: „ПИСМО ОД ЈОТОВА ДО СЕ: Овие деца (од Мал битолски Монмартр) дојдоа во Бугарија да се сликаат за мир и разбирање“ објавен на интернет порталот Денешен.мк, на 25.07.2023 година.

Неделковски се жали по основа за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, Говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар, презумпција на невиност и заштита на сведоци, нарушени авторски права/ плагијат и пристрасност, неурамнотеженост во информирањето и незаштитена малолетна публика. Додава дека новинарот или редакцијата на медиумот Денешен.мк во својот текст со промена на значењето на еден збор од изјавата на потпретседателот на Бугарија – Илијана Јотова целосно ја променува и перцепцијата и основата на патувањето кое се реализираше во Бугарија. Јотова изјави: „Овие деца не дојдоа да се сретнат само со бугарските институции, тие дојдоа заедно со бугарските деца да се сликаат за мир, за разбирање, за добрососедство – што треба да биде основата на нашите односи". А медиумот пренесува: „Овие деца не дојдоа да се сретнат само со бугарските институции, тие дојдоа заедно со бугарските деца да се сликаат за мир, за разбирање, за добрососедство".

Да сликаат и да се сликаат апсолутно не е активност која е идентична. Заедничкото сликање е основата на детска ликовна колонија, а намерната или не грешка при преводот во „да се сликаат", алудира на заедничко фотографирање, што апсолутно не беше ни предмет ни основа за реализацијата на проектот.

Неделковски тврди дека „целосно се извртува изјавата и на МВР и министерот и на Прес центарот на ОЈО Битола кои говорат дека известувањето на МВР – СВР Битола е пристигнато за можна злоупотреба на деца – изјави кои медиумиот ги толкува како: „Од ОЈО Битола потврдија дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од Битолскиот монмартр кои, без да знаат нивните родители, биле носени на средби со бугарски политичари". Според Неделковски кривична пријава нема.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, побара од 24.mk да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговор од медиумот не беше добиен.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и одлучи да ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите и други тела. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Мнозинство во Комисијата заклучи дека оспорената содржина главно е агенциска вест, дојдена од Бугарија. Во неа медиумот има додадено реченица, *„Од ОЈО Битола потврдија дека ја добиле кривичната пријава од МВР за злоупотреба на деца од Битолскиот монмарт кои, без да знааат нивните родители, биле носени на средби со бугарски политичари“.* За мнозинството членови таа реченица не е многу битна, бидејќи главната вест е сосема друга. Писмото што Јотова ќе го пратела во Европа.

Неделковски цитира и некои изјави од Јотова и пренесеното во Денешен,мк и тврди дека тие не се исти. Особено кога станува збор за „се сликаат“ и „сликаат“. Тоа што го тврди тој го нема ниту во изјавата на Јотова, што тој ја достави до Комисијата, ниту во пренесеното од медиумот. Само изјавата во медиумот е скратена. Што е работа на уредникот. Евентуално медиумот можел да потпадне под мерките за неетичност, околу толкувањето на пријавата од МВР до ОЈО Битола. Според Неделковски не станува збор за кривична пријава, исто така дека станува збор за „можна злоупотреба“ на деца, иако според Денешен.мк, станува збор за „злоупотреба“ на деца носени на средби со политичари во Бугарија без да знаат нивните родители. Што, сепак, има разлика. Но, докажувањето на ова е работа е на обвинителството и судовите. Оттука мнозинството од Комисијата сметаше дека жалбата треба да се отфрли.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595